Јавно Претпријатие за комунални дејности ,,ТОПОЛКА,,Чашка
Ул.,,Илинденска,, бр.5 Нас. Чашка Општина Чашка
тел.+38943241177 жиро-сметка 200000030975487
Депонент АД ,,Стопанска Банка,, Скопје

# П Л А Н И
# П Р О Г Р А М А

## за работа на ЈПКД ТОПОЛКА Чашка во 2026 год.

**Ноември 2025 год.**

# I. ПОЈДОВНИ ЕЛЕМЕНТИ

Планот за работа во 2026 год. поаѓа од целите и интересите утврдени од страна на претпријатието за постигнување на подобри резултати во работењето, а во согласност со расположливите средства за работа и достигнатиот степен на развој.

Планот за работа претставува основа за работење на претпријатието во 2026-та год, а неговата реализација претпријатието ќе ја оствари во соработка со граѓаните на Општина Чашка деловните партнери и корисници на услуги и Локалната самоуправа на Општина Чашка.

Основни појдовни елементи врз кои се темели изготвувањето на Планот се :

- Дефинирање на планираниот физички обем на услугите ;
- Дефинирање на приходите од работењето;
- Дефинирање на обемот на инвестиционо одржување и вложување кое директно ќе допринесе за подобрување на услугите;
- Дефинирање на трошоците кои ќе се направат од работењето при :
    - Остварување на потребното ниво на водоснабдување и одведување на отпадна вода;
    - Остварување на потребното ниво на износ и депонирање на комунален отпад;
- Соодветна испорака на услугите на постоечките пазари/тезги;
- Одржување на гробиштата и останатата инфраструктура на гробиштата;
- Реализација на Програмата за уредување и одржување на јавно зеленило во 2026 год.;
- Реализација на Програмата за одржување на јавната чистота во Општина Чашка во 2026 год.;
- Реализација на активности за изработка, поставување и одржување на урбана опрема за потребите на општината;
- Реализација на градежни работи за потребите на општината водејќи сметка притоа за:
    - Целосно искористување на постоечките капацитети ;
    - Подобрување на ефикасноста и ефективноста во работењето;
    - Зголемување на економичноста во работењето со намалување на трошоците по единица производ;
    - Подобрување на наплатата.

При изготвување на Планот во предвид беа земени развојните планови на Општина Чашка особено во областа на локалниот економски развој и уредувањето на градежното земјиште.

Со реализација на овој План се очекува претпријатието да работи финансиски добро што ќе овозможи на граѓаните и правните лица да им се обезбеди квалитетно извршување на услугите од областа на водоснабдувањето, комуналната хигиена, пазарните услуги и одржувањето на зелените површини на територијата на Општина Чашка.

Ќе се продолжи со редовно инвестиционо и тековно одржување на водоводната и канализациона мрежа, а во согласност со изготвениот План за јавни набавки кој е изработен врз основа на проекциите од овој План за работа.

Активностите за тековното и инвестиционо одржување подетално се образложени во делот за инвестиционо вложување и одржување.

## II. ФИЗИЧКИ ОБЕМ НА ПРОИЗВОДСТВО И УСЛУГИ

### 1. Сектор за Водовод, канализација и управување со отпад

#### 1.1.Одделение за дистрибуција на вода и канализација

Основните задачи на овој сектор/одделение се следните:

- Снабдување и дистрибуција на вода за пиење;
- Инсталација на водоводни и канализациони линии;
- Инсталација на приклучни водоводни и канализациони линии;
- Монтажа и поправка на водомери и водомерни арматури;
- Монтажа и одржување на препумпни станици со хлоринаторски системи и автоматика за истите;
- Отстранување на дефекти на водоводни и канализациони линии и последиците од истите.

Извршувајки ги своите задачи, ова одделение го одржува функционален комплетниот водоводен и канализационен систем на поголем дел од територијата на Општина Чашка. Ова одделение со својата работа обезбедува непрекинато водоснабдување со исправна вода за пиење на корисниците, како и непрекинато одведување на отпадните води.

Во тековната 2025 година Советот на Општина Чашка на ЈПКД Тополка Чашка го предаде на управување водоснабдителениот систем во населено место с. Голозинци. Во 2026 година се очекува Општина Чашка на ЈПКД Тополка Чашка да го преодстапи на управување водоснабдителниот систем за водоснабдување на с.Горно Јаболчиште.
Со превземањето на водоводниот систем за водоснабдување на с. Голозинци во 2025 година, должината на водоводната мрежа изнесува приближно 500 м2. Додека резервоарскиот простор изнесува 50 $м^3$. Исто така се изврши нова бушотина за вода во длабочина од 48м., во која е монтирана Електромотор PEDROLO 3KW, заедно со Хидрулика PEDROLO 6/249-150L/M H155, се вградени елементи: кабел, црево за хлор, пловак за резервоар, команден ормар за заштита, биметална заштита и други делови.

Во изминатиот период ЈПКД Топлка Чашка вршеше активности со цел за подобрување на водоснабдувањето во населените места с. Бањица и с. Лисиче. Во изминатиот период во с. Бањица се изврши ископ на ров со длабочина од 1 метар, ширина 30cm и должина од 700 метри со JCB машина во кој се вградува црево тотра Ф63 10 бари плус спојки црево – црево тотра Ф63 – 6 парчиња и кабел за команди во резерворарот со истата должина и затрупување; и се изврши зградба на објект во димензија 2,50m x 2,50m во кој ќе бидат поставени пумпа за вода, табли за електроника и хлоринатор;

- Во изминатиот период се направи и нова бушотина и се изврши изработка на објект- орман во село Извор, со набавка на потпопна пумпа од 7,5kw марка Pedrolo.

Со преотстапувањето на водоводниот систем за водоснабдување на с. Горно Јаболчиште и планираните секундарни линии должината на водоводната мрежа на Општина Чашка во 2026 би се зголемила за приближно 5.500 м2. Исто така ќе се зголеми и резервоарскиот простор за 350 $м^3$.

Во 2026 година согласно проширувањето на водоснабдителниот систем и превземањето на водоснабдителните системи очекуваме зголемување на бројот на корисници на услугата водоснабдување за приближно 200 домаќинства.

За одржување на вака зголемен систем на водоснабдување и одвоените водоводни системи, во Сектор Водовод и канализација во 2026 год потребно е да се зголеми бројот на вработени со формирање на нова група за одржување на оддалечените водоводни системи, која ќе биде опремена со теренско возило и друга потребна опрема за одржување на водоводни системи.

Со зголемувањето на обемот на работа (проширувањето на водоснабдителниот систем и зголемување на бројот на корисници), исто така се очекува зголемување на трошоците за сурова вода, потрошено гориво, електрична енергија, сировини, материјали и сл.

Одведувањето на отпадните комунални води се врши преку канализациона мрежа со должина од околу 30 км.

За намалување на загубите на вода во 2026 год. ќе се спроведат низа активности и инвестициони вложувања и тоа:

- За реално согледување на стварните вредности на загубите на вода во дистрибутивниот водоснабдителен систем, да се започне со поставување на водомери на системи за наводнување, јавни чешми, фонтани и други потрошувачки места каде не се мери потрошената вода.

Планираниот физички обем за овој вид на услуги се заснова на следните елементи :

- Проценка на потребите за 2025 година;
- Постоечкиот капацитет на водните ресурси;
- Состојбата на опремата, инсталациите и објектите што се користат за преработка, дистрибуција на водата и одведување на отпадните комунални води.

ЈПКД Тополка Чашка во 2026 год. редовно ќе се грижи за исправноста на водата за пиење и водата за пиење во дистрибутивниот систем преку редовни контроли и испитување на водата од разни локации на територијата на Општина Чашка, ќе се грижи за исправноста на објектите и опремата и за навремена набавка на потребните количини на суровини за прочистување на водата.

Ова Одделение во однос на одводот во 2026 година ги планира следните работни активности:

- Брзи интервенции на дефекти на водоводни линии на сите мрежи со кои ќе стопанисува ЈПКД Тополка Чашка;
- Редовна грижа за исправноста на канализационите шахти и канализационите линии. Ќе вршиме и интервенции на секој настанат дефект.
- Во однос на приклучоци ЈПКД Тополка Чашка ќе постапува и ќе го реализира секое доставено барање од страна на корисниците на услуги за приклучок на водоводна мрежа. замена на приклучна линија или преместување на водомер. Овој Оддел ќе издава и хидротехнички услови за приклучување на нови станбени и деловни објекти на водоводна мрежа;
- Се Планира поправка и баждарење на поголем дел од водомерите, замена на неисправни вентили и водомери, како и монтирање на нови водомери кај новопревземените водоводни системи;
- Во делот за Одржување на пумпни станици и резервоари во 2026 година ЈПКД Тополка Чашка ќе ги одржува сите резервоари, препумпни станици на системот за водоснабдување, ќе ја одржува исправна водата за пиење со редовна грижа за хлоринаторските системи во бунарите и по налог на Општина Чашка ќе ги одржува украсните фонтани во нас. Чашка.

Секторот Водовод и канализација во текот на 2026 година ќе продолжи со инвестициono вложување во изградба на нови, реконструкција и одржување на застарените водоводни и канализациони линии и објекти во соработка со Општина Чашка.

## 1.2.Одделение за собирање и транспорт на комунален отпад и комунална хигиена

**Основните задачи на ова одделение се следните:**

1. Собирање и транспортирање на комунален и индустриски неопасен отпад од индивидуалните корисници и правните лица;
2. Депонирање на комуналниот и индустриски неопасен отпад на депонија;
3. Одржување на депонијата Глиниште согласно стандардите за зачувување на животната средина;
4. Управување со гробишта во Нас. Чашка

Физичкиот обем на услугите за овој сектор е дефиниран преку регистрираните површини од кои се изнесува отпадот.

Одделението за Комунална хигиена планира во 2026 год. во системот на управување со отпад да воведе нови рурални средини од територијата на Општина Чашка во согласност со Програмата за управување со отпад, изготвена од Општина Чашка.

Собирањето на отпадот се врши два пати во неделата од индивидуалните и правните корисници, освен население места Горно Врановци, Лисиче, Голозинци и Бањица каде оваа услуга се врши еднаш неделно.

Собирањето на отпадот од индивидуалните домаќинства и колективното домување како и отпадот од правните субјекти се врши во претпладневните часови, додека трае работното време. Оваа динамика на собирање на отпадот ќе продолжи и во наредната година.

Врз основа на вака утврдениот физички обем, задачите и динамиката на извршувањето на услугите, Одделението Комунална хигиена соодветно се димензионира со работна рака и механизација.

Начинот на Организирано собирање отпад ЈПКД ,,Тополка,, Чашка го врши со сопствени возила, поставени садови за отпад, празнење на садовите за отпад од самите корисници кои ги оставаат на јавна површина само во денот/вите кога Јавното претпријатие го собира отпадот.

ЈПКД ,,Тополка,, Чашка располага со следните возила кои ги користи за собирање и транспорт на отпад:

| Вид на возило | Година на производство | Носивост во м3 (растресит отпад) |
|---|---|---|
| Специјално возило за собирање на отпад Камион марка IVECO | 2013 | 7 +1 м3 |
| Специјално возило за собирање на отпад Камион марка Meercedes-benz | 2006 | 12 (компресиран-збиен отпад 1:3) |
| Специјално возило за собирање на отпад Камион марка Mitshubishi- Canter FE 859 E | 2010 | 7 (компресиран-збиен отпад 1:3) |
| Камион марка ( DAEWOO AVIA MODEL D90N) | 2003 | 5 (растресит отпад) |
| **Трактор Solis 50 4WD со кабина** | 2021 | 5 (растресит отпад) |
| **Трактор Solis 90 4WD со кабина** | 2018 | 5 (растресит отпад) |
| Трактор марка IMT | 1993 | 4 (растресит отпад) |

ЈКПД Тополка Чашка ја врши наплатата на трошоците за собирање на отпадот, по претходно добиена согласност од основачот - Советот на Општина Чашка кој ја одредува и цената на услугата, која се наплатува одвоено во сметката за комунални услуги од ЈПКД ,,Тополка,,.

Како мерки и активности кои ќе придонесат за избегнување и намалување на количеството на создадениот отпад во Општина Чашка се предвидуваат:

-Намалување на % од населението кое не е опфатено со системот на организирано собирање на отпад;

-Подигнување на свеста кај локалното население за правилно постапување со отпадот, односно за негово депонирање;

-Зголемување на техничката (возила, садови за собирање) и стручна опременост (квалификуван кадар) на ЈПКД „Тополка,, Чашка,

-Воспоставување на организиран систем за селектирање, рециклирање / реупотреба и преработка на собраниот отпад;

-Чистење на евидентираните постоечки диви депонии на територијата на Општина Чашка;

-Опремување со основните минимум технички услови на Општинската депонија (опрема, човечки ресурси) и овозможување за нејзино функционирање како претоварна станица во рамките на регионалната депонија на Вардарски плански регион ;

-Зголемена контрола и надзор од страна на инспекциските служби на Општина Чашка.

Основен услов за соодветно управување на комуналниот цврст отпад е целосната покриеност на територијата и населението во општина Чашка со услугата за собирање, транспорт и депонирање на овој вид отпад. Опфатеноста на населението со услугата за собирање на отпадот изнесува 48.7 %. од вкупното население на Општина Чашка. Од аспект на јавното мислење за оваа активност, согледувањата на ЈПКД Тополка Чашка и општината се дека постои заинтересираност за вклучување на нови домаќинства-корисници.

**Дефинирана акција за <u>2026 година</u> е да се постигне покриеност на населението на Општина Чашка за 7% повеќе од претходната година**.

**Подобрување на управување со општинската депонија „Глиниште„**

Постојниот начин на депонирање на отпадот не ги задоволува стандардите за основно депонирање. Самата депонија исто така е далеку од задоволување на било какви стандарди за ваков вид на депонии. Поради тоа една од примарните акции за 2026 година е:

Создавање на основни услови за соодветно управување на депонијата, вклучително и тампонирање и асфалтирање на пристапниот пат до Депонијата.

Мерки кои ќе се превземат во текот на 2026 година се:

<u>-Подобрување на управување со општинската депонија –чистење на депонија</u>
<u>-Одржување и поправка на Ограден дел на депонијата и системот за миење на возила</u>
<u>-Дефинирање на место за одлагање на инертниот отпад</u>
<u>-Тампонирање и асфалтирање на пристапниот пат до Депонијата</u>

**Во делот за третман на отпад во текот на 2025 година се изврши:**

- Реализација на акции за собирање на габаритен и електронски отпад.

**Во 2026 година во делот на одржување /управување со гробишта Одделението за Комунална хигиена планира да ги организира следните активности** :

- Одржување на гробиштата во нас. Чашка;
- Отпочнување со оградување на гробиштата во нас. Чашка;
- Одржување на инфраструктурата, собирање и транспортирање на отпадот до депонија;
- Погребални услуги поврзани со управувањето на гробиштата;
- Продолжување со евиденција по парцели и гробни места;
- Изградба на гробни места;
- Вклучување на одржување на гробишта и во други населени места на територијата на Општина Чашка;

- Уредување на паркинг простор на гробиштата во Нас. Чашка;
- Поставување на чешми на определени локации на гробишта;
- Изградба на патеки, скалила и други градежни активности на гробиштата

**Финансиски средства за планираните активности и за реализација на Програмата за управување со отпад за 2026 година изнесуваат 1.000.000 денари.**

**Чистењето на јавно прометните површини за 2026 година ќе се врши согласно "Програмата за одржување на јавна чистота на територијата на Општина Чашка за 2026 година" која ја усвојува Советот на Општина Чашка и истата е составен дел на Планот за работа на ЈПКД Тополка Чашка за 2026година.**

**Со оваа Програма дефиниран е ангажманот на ЈПКД Тополка Чашка за:**

- Рачно и машинско метење на улици, тротоари, паркинг простори, плоштади, видиковци, надвозници и подвозници, пристапни патишта, јавни скалила, јавни санитарни јазли. автобуски стојалишта;
- Миење на улици и паркинг простори;
- Рачно чистење на снег и мраз во зимски услови;
- Одржување на споменици и спомен обележја;
- Одржување на површини за одбележување на програмски активности во областа на културата;
- Вонредно одржување
- Отстранување на умрени животни од јавните површини;

За реализацијата на горенаведените активности Одделението за комунална хигиена изготвува месечни извештаи што ги доставува до Општина Чашка.

**Финансиски средства за планираните активности и за реализација на Програмата за одржување на јавна чистота на територијата на Општина Чашка за 2026 година изнесуваат 2.000.000 денари.**

**Во делот на одржување на паркови и зеленило и рекреативни површини Одделението за Комунална хигиена ги организира следните активности**:

- Уредување и одржување на зеленилото на парковските површини.
- Уредување и одржување на зеленилото во деловите на централното подрачје на одредени населени места на територијата на Општина Чашка;
- Уредување и одржување на зеленилото во споредни улици;
- Одржување на зеленилото и во руралните подрачја;
- Одржување на дрворедите;
- Уредување, озеленување и одржување на жардињерите;
- Уредување и одржување на цветните површини;
- Поставување и одржување на системи за наводнување на зелените површини;
- Подигнување на нови зелени површини и обновување на постоечките;
- Изработка и поставување на парковски елементи (цветни фигури, клупи, летниковци, мовчиња)на парковските површини;
- Изготвување предлози и калкулации за подготовка на Програмите за уредување, одржување и подигнување на нови зелени површини кои ги доставува до Општина Чашка;
- Изготвување на месечни извештаи за завршените активности кои ги доставува до Општина Чашка; планови и нацрти за хортикултурно уредување на улици, скверови и паркови;пресметки за извршени

вонредни активности по налог на Општина Чашка;

Одржувањето на зеленилото на територијата на Општина Чашка ќе се врши согласно “Програма за одржување на јавното зеленило за 2026 година” која ја изготвува Општина Чашка а ја усвојува Советот на Општина Чашка.

Оваа програма е составен дел на Планот за 2025 година и во неа се утврдени: територијата, површината, фреквенцијата, интензитетот на одржување, работните операции, обемот и динамиката на извршената работа.

Во Програмата исто така се опфатени и вонредното одржување на зеленило во: рурални подрачја, покрај локални патишта, игралишта во одредени населени места, и сите непредвидени активности при одржување на јавни манифестации организирани или поддржани од Општина Чашка.

**Во делот на одржување на паркови и зеленило и рекреативни површини Одделението за Комунална хигиена за 2026 год. ги планира следните активности**:

- Комплетно реализирање на сите активности од Програмата за одржување на јавното зеленило зеленило на територијата на Општина Чашка, како што се редовни активности и одржување на зеленило по потреба.
- Подигнување на нови зелени површини, односно реконструкција на зеленилото, по претходно изготвена Програма од Општина Чашка која Советот на Општина Чашка ја усвојува.
- Обновување на возниот парк со набавка на патничко возило/теренско возило, земјоделски возила и машини и приклучни машини.

Начинот и интензитетот на одржувањето на зеленилото се менливи елементи и се во функција во зависност од климатските услови, потребите на Општината, структурата на зеленилото, неговата распространетост, расположивите финансиски средства и друго.

**Финансиски средства за планираните активности и за реализација на Програмата за одржување на јавното зеленило на територијата на Општина Чашка за 2026 година изнесуваат 1.200.000 денари.**

## Пазари

ЈПКД Тополка Чашка врши одржување и опремување со тезги на простор за пазар на следните локации:

- Пазар во центарот на Нас. Чашка,
- Пазар во центарот на Богомила,
- Тезги во с. Извор.
- Тезги на место викано Пашин мост

ЈПКД Тополка Чашка обезбедува услуги спрема корисниците на пазарите, за што располага со следниот продажен простор и опрема :

- Метални тезги (стари)........................................................................... 8 тезги
- Метални Тезги (нови ) ……............................................................... 12 тезги
- Дрвени тезги (стари)......................................................................... 3 тезги

Во 2026 год. се планира проширување и покривање на пазарот во Нас. Чашка од страна на ЈПКД Тополка Чашка во соработка со општина Чашка.

**Согласно програмата за одржување и чистење на локалните патишта и улици, работите за зимско чистење и одржување на локалните патишта во Општина Чашка ќе ги извршува ЈПКД Тополка Чашка, врз основа на потпишан Договор со општината, со утврдени цени од работен час, и специјализирана механизација.**

ЈПКД Тополка Чашка располага со следната механизација:

- Една машина JCB со корпа за чистење снег;
- Една мала машина JCB со корпа за чистење снег;
- Еден трактор SOLIS 90 со корпа за чистење снег;
- Еден трактор SOLIS 50 за превоз на сол и ризла;
- Приклучна механизација односно два расфрлувачи за сол и ризла (сеалки).

Потребните количини на сол и ризла ги обезбедува оштината.

Согласно оваа програма точно се предвидени улиците и јавните површини кои се планирани за чистење во Населба Чашка. Исто така, и детален преглед на локалните патишта и улици кои се планирани за чистење .

**За реализација на оваа програма и планираните активности се предвидени финансиски средства во висина од 1.800.000 денари.**

**Согласно програмата за уредување на јавни површини на територијата на Општина Чашка за активностите кои ќе ги извршува ЈПКД Тополка Чашка предвидени се финансиски средства во висина од 2.000.000 денари.**

Извршувањето на услугите и работите ќе се извршуваат за потребите на Општина Чашка, согласно основниот Ценовник и измените и дополнувањата на Ценовникот за комунални услуги на ЈПКД Тополка Чашка за кој има дадено согласност Советот на Општина Чашка.

За планираните активности во однос на уредувањето на јавни површини ЈПКД Тополка Чашка ќе ја користи сопствената механизација и тоа:

- Комбинирана градежна машина скип JCB со корпа;
- Еден трактор SOLIS 90 со приклучна механизација;
- Еден трактор SOLIS 50 со приклучна механизација;
- Камион марка Daewoo
- |Камион FAP 1620 со кипер со носивост од 8м3
- Комбинирана градежна машина JCB мала со корпа;
- Професионална трактор –косилка марка Husqvarna TC 112

Како дел од активности за уредување на јавни површини на територијата на Општина Чашка се предвидени: ископи за поставување на бандери, ископи на канали, порамнување на улици, игралишта, пренос на земја, тампон, цемент и други градежни материјали и други активности.

**Работните активности во однос на Планирање, инвестиции и развој се насочени кон координација на работите и потребите на секторите во претпријатието и тоа :**

- Изготвување на тендерска документација од стручен аспект за набавка на градежни работи,градежни материјали, електро-машинска опрема, автоделови, водоводни и канализациони материјали,. опрема компјутерска опрема и др.;
- Организирање и грижа за правилната употреба и одржување на целокупната електро- машинска опрема на Претпријатието како и за одржување на возниот парк.
- Изготвување согласности со вцртување на водоводни и канализациони линии на ситуации по барање

на странките при изградба на објекти и при изработка на урбанистички планови;

- Изработка на основни проекти, вршење надзор и директно учество во работите за реконструкција и изградба на водоводни и канализациони линии, реконструкција на постоечки и изградба на нови објекти за претпријатието и сл.;
- Изготвување на предмер-пресметки, односно изготвување инвестиционен план за одржување и осовременување на објектите и опремата на претпријатието;

**За претстојната 2026 год. ЈПКД Тополка Чашка ќе биде насочена кон:**

- Изработка на развојни програми за потребите на Секторите од Претпријатието;
- Изготвување на проектно техничка документација (основни проекти и технички решенија) со континуирано прибирање на податоци директно од терен;
- Вцртување на дел од новоизградени водоводни и канализациони линии за подземни инсталации, што ќе допринесе за следење и управување на целокупниот водоводен систем, со можност за изработка на анализи и испитувања за надградување и оптимизирање на постоечкиот водоводен систем;
- Вршење надзор на новоизградени и реконструирани водоводни и канализациони линии;
- ЈПКД Тополка ќе работи по добиени налози од Општина Чашка за градежни и браварски работи и одржување и поставување на урбана опрема.

## ВРАБОТЕНОСТ

Планирањето на бројот на вработени се базира на извршувањето на предвидениот физички обем, подигнувањето на нивото на услугите и максимално користење на средствата за работа и работното време.

Согласно Правилникот за систематизација на работи и работни задачи во претпријатието предвидени се **20 работни места со вкупно 41 извршители**. Реализацијата на истиот ќе се извршува во зависност од потребите на претпријатието. Исто така се планира. според потребите на претпријатието повремено да се вработуваат сезонски работници.

Планираниот број на работна сила во 2026 год. искажана по квалификации е следен :

| **Квалификација** | **ЈПКД ТОПОЛКА Чашка** | | |
|---|---|---|---|
| | **По Правилник** | **Времени вработувања Остварени во 2025** | **Планирани нови вработ.во 2026 според План за вработување** |
| ВСС | / | 1 | 2 |
| ВШС | / | / | / |
| ССС | / | 6 | 4 |
| КВ/ПК | / | 1 | 4 |
| ВКУПНО : | / | **8** | **10** |

# III. ФИНАНСИСКИ ПРЕДВИДУВАЊА

**Вкупниот приход во 2026 год. се планира да изнесува 24.703.963,00 ден.**

**Оделението за Водовод и канализација** планира да оствари вкупен приход од **6.737.943,00 ден.** од кои од водата за пиење во износ од **5.157.581,00 ден.** Од одведувањето на фекална канализација се планира да се оствари приход од **1.259.509,00 ден.**

Приходи од приклучок во водоснабдителен систем во износ од **416.155,00 ден.**

**Одделение Комунална хигиена** планира да оствари вкупен приход **од 5.885.600,00ден**.

Од собирање и изнесување на смет планирано е да се оствари вкупен приход од **5.800.418,00ден.**

Приходи од погребални услуги во износ од **1.036.568,00 ден.**

Приходи од канти за комунален смет во износ од **188.213,00 ден.**

Финансиски средства за планираните активности и за реализација на Програмата за **управување со отпад** за 2026 година изнесуваат **1.000.000 денари.**

Од одржување на Јавна комунална хигиена – **јавна чистота** се планира да се оствари приход од **2.000.000,00 ден.** финансиран од Буџетот на Општина Чашка.

Од **Паркови и зеленило** согласно Програмата за уредување и одржување на јавно зеленило се планира да се оствари вкупен приход од **1.200,000,00 ден.** финансиран од Буџетот на Општина Чашка.

Работната единица **Пазари** планира да оствари вкупен приход од **40.000,00 ден**. Планираниот приход ќе биде остварен од нивното користење.

За реализација на програмата за **зимско одржување** и планираните активности се предвидени финансиски приходи во висина од **1.000.000 денари.**

Одделението за планирање, инвестиции и развој, по добиени налози од Општина Чашка за градежни и браварски работи и одржување и поставување на урбана опрема планира да оствари приход од **2.000.000,00 ден.**

Во 2026 година планирано е да се остварат и приходи од камати во износ од **22.512,00 ден.**

Како и приходи од извршени услуги во износ од **219.597,00 ден.**

**Трошоците на работењето за 2026 год.** се планирани врз основа на физичкиот обем на производство и услугите, цените на главните материјали кои произлегуваат од постапките за јавни набавки, енергенсите и планираните инвестициони вложувања и одржувања и истите ќе изнесуваат **24.208.362.00ден**.

**Материјалните трошоци** на работењето во 2026 год. се планира да изнесуваат **2.564.319,00 ден.**

Планирано е **трошоците за електрична енергија**да изнесуваат **7.080.000,00 ден.** Овие трошоци се базираат на покачувањето на цената на електричната енергија на берзата и енергетската криза.

Планираните **трошоци за гориво и мазиво** се **5.726.034,00 ден.** и зависат од цените на горивото но и од зголемениот обем на работа, како и состојбите со релативно обновениот возен парк на претпријатието.

За одржување на возниот парк, се планираат трошоци за **резервни делови** во износ од **643.935,00 ден.**

Трошоците за **ситен инвентар** се планираат на износ од **103.163,00 ден.** и се на исто ниво како минатогодишните.

**Трошоците за ПТТ услуги** се планирани на износ од **517.962,00 ден.** и опфаќаат трошоци за поштенски услуги, телефонски услуги, интернет и сл.

**Производствените услуги од други** се однесуваат на анализа на вода , поправка на опрема и возила, пумпи, мотори , електромотори, привремени вработувања,градежни работи, технички прегледи и др, услуги кои ги вршат други претпријатија во износ од **4.408.432,00 ден.**

**Нематеријалните трошоци** се планирани да изнесуваат **617.554,00 ден.**

**Трошоците за надоместоци на вработените** се планираат во износ од **9.316.000.00ден.**, а согласно Правилникот за плати и надоместоци од плати и Колективен договор (отпремнина за одење во пензија, технолошки вишок, јубилејни награди, регрес за годишен одмор – К15 идр.)

За **судските и други трошоци** се предвидува да се потрошат **274.661,00 ден.** со цел да се зачуваат побарувањата и да им се продолжи рокот на наплативост со цел да не застарат.

**Трошоците за отпис на побарувања** се планираат во износ од **0** денари.

Се планира обврските спрема деловните партнери редовно да се измируваат, со што ќе се постигне стабилност и ликвидност во работењето на ЈПКД Тополка Чашка.

**ЈПКД Тополка Чашка за 2026 година изготви План и програма** за работа со која ќе се реализираат проекти за подобрување на комуналната инфраструктура на територијата на општина Чашка и механичката опременост на претпријатието, ЈПКД Тополка ќе ги реализира следните проекти за подобрување на квалитетот на услугите спрема граѓаните:

- Изготвување проекти за реконструкција на канализациони и водоводни линии и нивна реализација во соработка со Општина Чашка. Со проектите за реконструкција опфатени се првенствено водоводни линии изградени од поодминат временски период, на кои се јавуваат чести дефекти, кои делуваат на квалитетот на водата и се со намалена пропусност;

- Подобрување на водоснабдителен систем – санација на водоводна мрежа во населено место Богомила
- Подобрување на водоснабдителен систем – санација на водоводна мрежа во населено место с.Јаболчиште
- Подобрување на водоснабдителен систем – бушотина во населено место Извор

- Континуирана планска изградба на гробни места и подготовка на нови парцели на гробиштата во Нас. Чашка;
- Реконструкција на постоечките водоводни линии каде материјалот е од азбесцемент и има чести дефекти;
- Осовременување и обновување на постоечката опрема и обука на вработените за подобрување на ефикасноста во вршењето на услугите;
- Набавка на теренско возило во соработка со Општина Чашка
- Инвестиционо вложување во постоечките објекти и нивната опременост, урбана опрема и сл.

**Преглед бр. 1**

**ПРЕГЛЕД**
**на планирани финансиски резултати за 2026 год.**

## Приходи

1.Приходи од смет од правни лица ----------------------------------------------------------------74.659

2.Приходи од зеленило од правни лица ----------------------------------------------------- 1.984.398

3.Приходи од канализација од правни лица ----------------------------------------------- 10.629

4.Приходи од приклучок ---------------------------------------------------------------------------400.149

5.Приходи од наплатена вода од физички лица --------------------------------------------4.959.212

6.Приходи од смет од физички лица --------------------------------------------------------- 5.449.549

7.Приход од зеленило на физички лица ---------------------------------------------------- 364.842

8.Приходи од канализација од физички лица ------------------------------------------- 1.211.066

9.Приходи од одржување на гробишта ----------------------------------------------------- 120.571

10.Приходи гробна површина --------------------------------------------------------------------- 38.989

11.Приходи од извршени други услуги ------------------------------------------------------ 184.427

12.Приходи од погребални услуги -------------------------------------------------------------- 26.589

13.Приходи од канти за смет --------------------------------------------------------------------- 179.250

14.Приходи од камата --------------------------------------------------------------------------------- 19.633

15.Приходи по програма од Општина Чашка---- ----------------------------------------- 7.200.000

16. Приходи од пазари------------------------------------------------------------------------------ 80.000

**ВКУПНО------------------------------------------------------------------------------------------ 22.303.963**

**Преглед бр. 2**

## Расходи

1.Потрошен материјал ---------- 330.313
2.Потрошен канцелариски материјал ---------- 102.160
3.Трошоци за електрична енергија ---------- 5.036.000
4.Трошоци за гориво ---------- 4.100.985
5.Трошоци за резервни делови и материјали ---------- 613.271
6.Поштенски услуги ---------- 100.907
7.Телефонски услуги и интернет ---------- 199.500
8.Трошоци за одржување и за заштита ---------- 184.786
9.Договор на дело ---------- 249.000
10.Услуги за анализа на вода за пиење ---------- 144.600
11.Плата ---------- 8.316.000
12. Трошоци за УО ---------- 48.650
13.Персонален данок од наместок на член од У.О ---------- 7.970
14.Персонален данок под договор на дело ---------- 37.723
15.Банкарски услуги и трошоци на платен промет ---------- 100.363
16.Интелектуални услуги ---------- 22.000
19.Трошоци за времено вработување ---------- 1.311.845
20.Адвокатски услуги ---------- 120.000
21.Услуги од извршители ---------- 66.000
22.Останати нематеријални трошоци ---------- 400.000
23.Административни такси судски трошоци ---------- 58.114
24.Трошоци за регистрација на возила ---------- 133.000
25.Нотарски трошоци ---------- 81.000
27.Фонд за вода ______________ 36.975
28.Фонд за канализација ______________ 7.200

**ВКУПНО ---------- 21.808.362**

**ЈПКД ,,Тополка,, Чашка-Општина Чашка**
**В.Д. Директор**
**Сања Миланова Јованов**

______________________________